Бр./Nr 12-993/2

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

09-11-2021 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на првото продолжение на 54-тата седница одржана на 02.11.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-993/1 од 02.03.2021 година против Градоначалникот на Општина ---------, ---------- **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-993/1 од 02.03.2021 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 02.03.2021 година, доставена е пријава против Градоначалникот на Општина -------, --------- и оформен е предмет број 12-993/1 од 02.03.2021 година.

Во пријавата, подносителот наведува дека Градоначалникот на општина --------, преку комисија објавил тендер за поставување на шанк во единствениот парк на еден метар од неговиот постоечки објект и дека во ДУП-от не е предвидено на тоа место да се постави шанк.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот, нема елементи за незаконити или недозволиви дејствија на службено лице при вршењето на јавните овластувања и службената должност, по што ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: С.М
Одобрил: К.Н-член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
Претседател
Билјана Ивановска

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk